# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 8 28 Април 2023 година примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина 24-та седница

**Дневен ред за дваесет и четврта седница на Советот на општина Василево**

1. Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година.............02
2. Одлука за одобрување на финансиски средства на Митко Ефтимов од Василево.........................................................................................03
3. Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина василево за 2023 година ...................03
4. Одлука за одобрување на финансиски средства на КУД Сушевски Бисери од Сушево.........................................................................05

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 18.04.2023 година.

08-556/2 Општина Василево
19.04.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 18.04.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година (Службен гласник на општина Василево бр.12/2021) се вршат измени и дополнувања :

Во точка 1. Планирани активности се додава:

Подточка 1.25 која гласи: Изработка на Урбанистички проект за разработување на урбанистички план за село Владиевци за формирање градежна парцела составена од КП 1673, КП 1674, КП 1675 и дел од КП 1679 КО Владиевци, општина Василево.

Подточка 1.26 која гласи: Изработка на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона во КО Градошорци вон град, Општина Василево со КП 393, КП 390, КП 365, КП 395, КП 397, КП 362, КП 360, КП 358, КП 355, КП 353, КП 366.

Во точка 2. Финансирање после броевите 1.24 се додаваат броевите 1.25 и точка 1.26 и гласи:

„Средствата за активностите предвидени во точка 1.1; 1.2; 1.15; 1.16; 1.17; 1.18; 1.26 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево.
Средствата за активностите предвидени во точка 1.3; 1.4; 1.5; 1.6; 1.7; 1.8; 1.9; 1.10; 1.11; 1.12; 1.13; 1.14; 1.19; 1.20; 1.21; 1.22; 1.23; 1.24 и 1.25 немаат финансиски импликации на Буџетот на општина Василево за 2023 година и истите ќе се обезбедат од физички лица кои се подносители на барањето”.

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василе

во“.

08-556/1 Совет на Општина
19.04.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Митко Ефтимов од Василево**

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Митко Ефтимов од Василево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 18.04.2023 година.

08-557/2 Општина Василево
19.04.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 18.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Митко Ефтимов од Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 6.000 денари на Митко Ефтимов од Василево бр.158 за организација на прослава по повод празникот Ѓурговден на манастирот Свети Ѓорги во Василево.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година, а ќе се исплатат на сметка на Митко Ефтимов.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-557/1 Совет на Општина
19.04.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Василево за 2023 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Василево за 2023 година, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 18.04.2023 година.

089-558/2 Општина Василево
19.04.2023 Градоначалник
Година Славе Андонов

------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 18.04.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Василево за 2023 година**

**Член 1**

Во точка VI.3. во делот 4 за објектите од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси се менува и гласи:

Г2 – лесна и незагадувачка индустрија 0,01

Г3 – сервиси 0,01

Г4 – стоваришта 0,01

**Член 2**

Во точка VI.3. се додаваат два нови дела и тоа 7 и 8 и гласи:

7. За објекти за производсто на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), 0,01 и

8. За објекти за производсто на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела, 0,01.

**Член 3**

Во делот VI.3. се додаваат нови реченици и гласи:

7. За објекти за производсто на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка VI.3. дел 7 од член 2.

8. За објекти за производсто на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка VI.3. дел 8 од член 2.

9. За објекти за производсто на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници), висината на трошоците за уредување на

градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

**Член 4**

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-558/1 Совет на Општина
19.04.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на КУД Сушевски Бисери од Сушево**

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на КУД Сушевски Бисери од Сушево, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 18.04.2023 година.

08-559/2 Општина Василево
19.04.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 18.04.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на КУД Сушевски Бисери од Сушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 30.000 денари на КУД Сушевски Бисери од Сушево за тековни активности на здружението од годишната програма за работа на КУД Сушевски Бисери (патни трошкови за афирмација на македонскиот фолклор во и надвор од државата и за организација на Велигденска манифестација).

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година, а ќе се исплатат на сметка на КУД Сушевски Бисери.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-559/1 Совет на Општина
19.04.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---